ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016/2017 ГОДИНА

Скопје, 2017 г.

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016/2017 ГОДИНА

Скопје, 2017 г.

ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ – Скопје

В. Д. Директор:

Асс. д-р Шабан Мемети

ИЗГОТВУВАЧ:

СЕКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА, АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Проф. Д-р Елена Ќосевска — Раководител на Сектор

Стручна обработка:

Прим. Д-р Весна Стамболиева — Началник во Сектор

Јасмина Тахири — Самостоен медицински статистичар

Техничка изработка:

Борче Андоновски

Сузана Дунгевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

616-07-057.87(497.7)”2016/2017”(047)

ИЗВЕШТАЈ за остварување на програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во Република Македонија за 2016/2017 година / [изготвувач Елена Ќосевска]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2018. - 21 стр. : граф. прикази, табели ; 30 см

Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-235-048-6

а) Систематски прегледи - Ученици и студенти - Македонија - 2015-2016 - Извештаи
COBISS.MK-ID 105632266

## *СОДРЖИНА*


***ВОВЕД*** — ***7***

***I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016/2017 ГОДИНА*** — ***7***

- ***а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта*** — ***9***
- ***б) Систематски прегледи на ученици во средни училишта*** — ***10***
- ***в) Систематски прегледи на студенти*** — ***11***

***II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016/2017 ГОДИНА*** — ***11***

- ***а) Во основните училишта*** — ***11***
- ***б) Средни училишта*** — ***13***

***III. КОНСТАТАЦИИ*** — ***15***

***IV. ПРИЛОЗИ*** — ***17***

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија» бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 64/2013, 39/2014, 43/2014,132/2014, 188/14,10/15,61/15,154/15,192/15,17/16и 37/16), и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2017 година (Сл.весник на РМ бр.10/2016) донесена од Владата на Република Македонија на седница одржана на 17.10.2016, ЈЗУ-Институт за јавно здравје - Скопје, изготвува

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016/2017 ГОДИНА

## *ВОВЕД*

***Овој Извештај има за цел да ја прикаже реализацијата на целите, содржините и обемот на извршените активности предвидени со Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите за 2017година.***

Согласно Програмата, систематските прегледи се извршуваат во зависност од возраста на учениците и студентите и тоа: во основното образование во I, III, V и VII одделение, во средното образование во I и IV година и во високото образование во првата година.

## *I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016/2017 ГОДИНА*

Во учебната 2016/2017 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле прегледани, согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2017 година изнесува 102 755.

***Табела 1***

| Година | В К У П Н О | | | ОСНОВНО УЧИЛИШ. | | | СРЕДНО УЧИЛИШТЕ | | | СТУДЕНТИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | |
| | | број | % | | број | % | | број | % | | број | % |
| **2015/16** | 103034 | 100016 | 97,1 | **64566** | **62794** | 97,3 | **26715** | **25470** | 95,3 | **11753** | **11752** | 100 |
| **2016/17** | 102755 | 99733 | 97,1 | **62268** | **60701** | 97,5 | **24184** | **22729** | 94,0 | **16303** | **16303** | 100 |
| **Индекс 2017/16** | **99,7** | **99,7** | | **96,4** | **96,7** | | **90,5** | **89,2** | | **138,7** | **138,7** | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РМ

Со систематски прегледи во 2016/2017 година опфатени се вкупно 99 733 ученици и студенти или 97,1% од подлежните. Споредено со претходната година се забележува иста опфатеност.

Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 97,5%, што е за 0,2% поголема од претходната година. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 94% и е за 1,3% помала од претходната година, а кај студентите е 100%  и е иста и во двете анализирани години.

***Реализацијата на извршените систематски прегледи на учениците и студентите го задоволува предвидениот стандард од 90-95% од подлежните.***

***Дијаграм 1*** Прегледани ученици и студенти со систематски прегледи во РМ, период 2007-2017




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 97,9% | 97,8% | 97,4% | 98,4% | 96,8% | 97,4% | 97,0% | 97,2% | 96,7% | 97,3% | 97,5% |
| Средни училишта | 96,0% | 95,6% | 95,6% | 96,0% | 97,4% | 92,5% | 94,7% | 94,0% | 94,0% | 95,3% | 94,0% |
| Студенти | 88,8% | 100,0% | 99,4% | 99,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија

На прикажаниот дијаграм 1 се забележува дека опфатот на ученици и студенти во периодот 2007-2017 година е прилично константен, со вкупен опфат меѓу 92.5 и 100%, што значи дека во анализираниот период опфатот е во рамките на и над предвидениот стандард, со исклучок кај студентите во 2007 година – 88.8%.

## а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта

Во текот на 2016/2017 година систематските прегледи на учениците во основните училишта се вршени според возраста односно по одредени одделенија. Според добиените извештаи од здравствените организации за извршени прегледи и подлежни за преглед ученици постигнат е следниот опфат на прегледаните ученици:

I одделение: од предвидените 17.629 ученици прегледани се 17.084 или 96,9% што го задоволува општиот стандард.

III одделение: од предвидените 15.496 ученици прегледани се 15.188 или 98% што исто така го задоволува предвидениот стандард.

*Дијаграм 2* Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во основните училишта во РМ, 2016 и 2017




| | I одделение | III одделение | V одделение | VII одделение |
|---|---|---|---|---|
| 2016 | 97,2% | 97,1% | 97,5% | 97,3% |
| 2017 | 96,9% | 98,0% | 97,7% | 97,4% |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија

V одделение: од предвидените 14.091 ученици прегледани се 13.773 или 97,7%, и е во предвидениот стандард.

VII одделение: од предвидените 15.052 ученици прегледани се 14.656 или 97.4% што е во предвидениот стандард . Дијаграм 2

***Опфатеноста на прегледаните ученици во I одделение е најмала, споредувајќи ја со опфатеноста на учениците во другите одделенија.***

Обемот на извршените систематски прегледи во основното образование по региони е прикажан во табела 2.

Може да се констатира дека во сите региони обемот на извршените систематски прегледи е во рамките на предвидениот стандард, исто како и во минатата година.

Опфатеноста на прегледаните ученици во сите региони во Републиката е задоволителна.

## *б) Систематски прегледи на ученици во средни училишта*

Според Програмата, во средните училишта систематските прегледи се извршуваат во I и IV година. Во 2016/2017 година систематските прегледи се извршени во следниот обем:

I година: од предвидените 10.954 ученици, прегледани се 10.468 или 95.6% со што опфатеноста е во рамките на предвидениот стандард.

IV година: од предвидените 13.230 ученици, прегледани се 12.261 или 92.7% со што опфатеноста е исто така во рамките на предвидениот стандард. Дијаграм 3

***Дијаграм 3*** Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во средни училишта во РМ, 2016 и 2017




Извор: ИЈЗ на Р.Македонија

Во табела 3 (во прилог) даден е приказ на реализација на систематските прегледи на учениците во средните училишта по региони, од кој се гледа дека во скоро сите региони е задоволителна. Исклучок прави Гостивар со 87.4% опфат.

Во споредба со минатата година, опфатот бил под оптималниот стандард во регионите Крушево со 89,9%, Прилеп со 88,2% и Штип со 86,7%.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта е задоволителна, но потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

## в) Систематски прегледи на студенти

Обемот на извршените систематски прегледи на студентите во Републиката во учебната 2016/2017 година во целост задоволува и изнесува 100% исто како и минатата година. Табела 3 (во прилог)

# II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016/2017 ГОДИНА

Од добиените извештаи за систематски прегледи може да се констатира дека најголемиот дел од содржините предвидени со Програмата во целост се застапени. Деталниот преглед на содржините на извршени систематски прегледи е прикажан во табела 4 (во прилог).

**Утврдени патолошки состојби при извршени систематски прегледи на ученици и студенти во 2016/2017 година**

## а) Во основните училишта

Деформитетите, лошото држење на телото и лошата хранетост на телото, се најзастапените патолошки состојби утврдени при извршувањето на систематските прегледи кај учениците од основното образование.

***Деформитети на 'рбетен столб и граден кош*** е евидентирано кај 11. 013 ученици или 18,1% од вкупно прегледаните; следи ***лошото држење на телото*** евидентирано кај 10.888 ученици или 17,9% од прегледаните; следат ***деформитетите на стопалото*** кои се застапени кај 9 809 ученици или 16,2% од прегледаните.

На четвртото место по застапеноста е ***лошата ухранетост на телото*** застапена кај 9313 ученици или 15,3% од прегледаните.

Во споредба со претходната година, за сите претходно наброени патолошки состојби постои намалување на процентуалната застапеност кај прегледаните ученици во 2017 во однос на 2016 година, со исклучок на деформитетите на ’рбетниот столб и градниот кош кај кои процентуалната застапеност е иста и во двете анализирани години.

Деформитетите на ’рбетниот столб и градниот кош најмногу се застапени кај учениците од V-то и VII-мо одделение, додека деформитетите на стопалото во најголем број се регистрирани во III-то и во V-то одделение (табела 5 во прилог).

***Лоша развиеност*** на телото е забележана кај 2.388 ученици или 3,9% од прегледаните. Во споредба со претходната година забележана е помала застапеност - 5,4% во 2016 година(дијаграм 4).

***Дијаграм 4.*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во основно образование во РМ, 2016 и 2017




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 19,3 | 5,4 | 14,5 | 18,1 | 18,9 |
| 2017 | 17,9 | 3,9 | 15,3 | 18,1 | 16,2 |

Извор: ИЈЗ на Р.Македонија

Кај 5.407 ученици или 8,9% од прегледаните се најдени пречки на видот и мотилитетот, што е поголема застапеност во споредба со претходната година, кога биле евидентирани кај 7,9% од прегледаните; конгенитални срцеви аномалии се најдени кај 313 или 0,5% (за 15% повеќе во споредба со претходната година), а стекнати кај 294 или 0,5% од прегледаните, што е за 29 % помалку во споредба со претходната година.

***Вошливоста*** е застапена кај 261 ученик или 0,4% и е помала во споредба со претходната година (104 ученици и 0,2% застапеност), додека ***недоволната хигиена на телото*** е констатирана кај 1331 или 2,2% од прегледаните ученици, што е за 118% повеќе во споредба со претходната година.

***Лабораториските прегледи*** на крвта за хемоглобин, според доставените извештаи, се извршени само кај 63,8% од прегледаните ученици. При тоа е најден хемоглобин под 10 гр.% кај 1334 ученици или2,2% од прегледаните на хемоглобин, што е повеќе за 14,4% во споредба со претходната година.

Преглед на урина е извршен кај 28.130 ученици или 46,3% од вкупно прегледаните, при што е најден албумен кај 668 ученици или 1,1% од прегледаните на албумен во урина. Претходната година, преглед за присуството на албумен во урината бил извршен кај вкупно 32.557 ученици, или 51,8% од прегледаните; албумен бил детектиран кај ист процент од прегледаните, т.е 1,1%.

При ***стоматолошките прегледи*** најден е кариес кај 10.377 ученици или 17,1% од прегледаните што е за 15,5% повеќе во споредба со претходната година. Ортодонтски аномалии се најдени кај 3.416 ученици или 5,6% од прегледаните, што е за 1,8% помалку во споредба со претходната година.

## *б) Средни училишта*

Кај учениците од средните училишта од најдените патолошки состојби најзастапени се ***деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** кај 4.912 или 21,6% од прегледаните (идентичен процент во споредба со претходната година); потоа следи ***лошата ухранетост на телото*** кај 4.420 ученици или 19,4% од вкупно прегледаните (за 19,4% помалку од претходната година), потоа следи ***лошото држење на телото*** кај 4.365 ученици или 19,2% од вкупно прегледаните (за 28% повеќе од претходната година). На четвртото место е ***лошата развиеност на телото*** застапена кај 1.328 ученици или 5,8% (за 60,7% помалку во споредба со претходната година).

***Деформитетите на стопалото*** била констатирани кај 1.706 ученици (7,5%), додека во претходната година биле регистрирани кај 3.378 од прегледаните и 13,3% застапеност-скоро дупло повеќе во 2016 во однос на 2017 година.

***Пречки на видот и мотилитетот*** се најдени кај 2.866 ученици или 12,6% од прегледаните. Кај помладите возрасти на учениците, односно учениците од основните училишта застапеноста на вакви најдени пречки е двојно поголема.

***Конгенитални срцеви аномалии*** најдени се кај 30 ученици или 0,1%, и е за дупло помалку во споредба со претходната година, додека стекнати се најдени кај 37 или 0,1% од прегледаните ученици (34 и 0,1% од прегледаните во 2016 година).

***Вошливоста*** е констатирана само кај 26 ученици и е помала во однос на вошливоста кај учениците од основното образование – 261 или 0,4%.

Табела 6, дијаграм 5

***Дијаграм 5*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во средни училишта во РМ, 2016 и 2017




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 21,5 | 3 | 13,4 | 21,6 | 13,3 |
| 2017 | 19,2 | 5,8 | 19,4 | 21,6 | 7,5 |

**Извор: ИЈЗ на Р.Македонија**

***Лабораториски прегледи*** на крв за хемоглобин се извршени кај 14.790 ученици или 65,1% од прегледаните (17858 или 70,1% прегледани во претходната година), при што е најден ***хемоглоби***н под 10 гр.% кај 252 ученици или 1,1% од прегледаните на хемоглобин (323 или 1,3% во претходната година).

Кај 9.273 ученици или 40,8% (13078 или 51,3% во минатата година) е извршен преглед на ***албумен во урина***, а позитивен албумен е најден кај 55 ученици или 0,2% од прегледаните на албумен (265 или 1% во претходната година).

При извршените ***стоматолошки прегледи*** кариес е најден кај 3.018 ученици или 13,3% од прегледаните (5528 или 21,7% е најдениот ***кариес*** кај учениците од претходната година). ***Ортодонтските аномалии*** се регистрирани кај 1.122 ученици или 4,9% (1703 или 6,7% се регистрирани во минатата година).

Табела 6, дијаграм 5

## в) *Студенти*

Кај прегледаните студенти како најзастапени патолошки состојби се: ***ухранетост на телото*** која е регистрирана кај 2.849 ученици или 23.2% од прегледаните;потоа следат ***деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** кои се регистрирани кај 2.549 студенти или 20.8% од прегледаните; ***лошото држење на телото*** е застапено кај 2.235 студенти или 18,2% од прегледаните; ***деформитетите на стопалото*** се регистрирани кај 1.107 студенти, а ***лошата развиеност на телото*** кај 808 студенти или 6.6%.

***Лабораториските прегледи*** на крв се извршени кај 8.205 студенти или 66.9%, а на урина кај 5.137 или 41,9 % од прегледаните студенти, при што албумен во урината е детектиран кај 30 или 0.2% од прегледаните. Кариес е најден кај 14% од студентите.

Табела 6 (во прилог))

## III. КОНСТАТАЦИИ

Според Програмата за систематски прегледи за 2016/2017 година опфатени се вкупно 99.733 ученици и студенти или 97,1% од подлежните и го задоволува предвидениот стандард од 90-95%. И во претходната година опфатеноста задоволувала и изнесувала 97,1%. Кај учениците во основното образование изнесува 97.5; кај учениците во средното образование 94/0%, а кај студентите е 100% од подлежните.

Предвидените содржини на систематските прегледи според Програмата не задоволуваат во поглед на лабораториските испитувања (на крв -хемоглобин, урина-албумен и фецес за цревни паразити) кои се извршуваат во недоволен обем или воопшто не се извршуваат во некои региони.

Се ова гореизложеното наметнува, преземање мерки за подобрување на спроведувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти, посебно во однос на опфатеноста на учениците и студентите во ординациите со цел за санирање на најдените состојби.

Оваа година задачата е изготвена без податоци од ЦЈЗ-Прилеп, кои образложението за нивно не доставување го доставија во писмена форма (во прилог).

# IV. ПРИЛОЗИ

***Табела 2*** Извршени систематски прегледи на ученици во основните училишта во Република Македонија во 2017 година

| | Вкупно подлежни | Прегледани | | Одделенија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | I одд. | III одд. | V одд. | VII одд. |
| Р.МАКЕДОНИЈА | 62268 | 60701 | 94,0 | 17084 | 15188 | 13773 | 14656 |
| Берово | 365 | 364 | 99,7 | 70 | 112 | 75 | 107 |
| Битола | 3372 | 3372 | 100,0 | 855 | 937 | 762 | 818 |
| Мак.Брод | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Валандово | 449 | 443 | 98,7 | 124 | 105 | 102 | 112 |
| Велес | 1998 | 1998 | 100,0 | 516 | 548 | 469 | 465 |
| Виница | 398 | 379 | 95,2 | 104 | 99 | 88 | 88 |
| Гевгелија | 859 | 859 | 100,0 | 215 | 232 | 192 | 220 |
| Гостивар | 2957 | 2838 | 96,0 | 804 | 726 | 665 | 643 |
| Дебар | 896 | 896 | 100,0 | 232 | 197 | 231 | 236 |
| Делчево | 287 | 287 | 100,0 | 76 | 71 | 58 | 82 |
| Д.Хисар | 238 | 238 | 100,0 | 56 | 63 | 56 | 63 |
| Кавадарци | 1515 | 1428 | 0,0 | 342 | 373 | 325 | 388 |
| Кичево | 1788 | 1778 | 99,4 | 350 | 463 | 685 | 280 |
| Кочани | 987 | 966 | 97,9 | 277 | 223 | 230 | 236 |
| Кратово | 270 | 266 | 98,5 | 29 | 79 | 60 | 98 |
| Кр.Паланка | 864 | 817 | 94,6 | 242 | 175 | 212 | 188 |
| Крушево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 4653 | 4587 | 98,6 | 1193 | 1124 | 1103 | 1167 |
| Неготино | 725 | 695 | 95,9 | 169 | 169 | 166 | 191 |
| Охрид | 2230 | 2205 | 98,9 | 558 | 526 | 574 | 547 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Пробиштип | 492 | 482 | 98,0 | 126 | 116 | 110 | 130 |
| Радовиш | 1111 | 1015 | 91,4 | 281 | 245 | 212 | 277 |
| Ресен | 438 | 436 | 99,5 | 139 | 104 | 78 | 115 |
| Св.Николе | 552 | 530 | 96,0 | 147 | 141 | 126 | 116 |
| Скопје | 19836 | 19289 | 97,2 | 6301 | 4611 | 3991 | 4386 |
| Струга | 2217 | 2164 | 97,6 | 468 | 578 | 541 | 577 |
| Струмица | 3474 | 3344 | 96,3 | 938 | 842 | 774 | 790 |
| Тетово | 7928 | 7684 | 96,9 | 2021 | 1859 | 1888 | 1916 |
| Штип | 1369 | 1341 | 98,0 | 451 | 470 | 0 | 420 |

*Пехчево е собрано со Берово
* Ростуше е собрано со Гостивар

***Табела 3*** Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Македонија во 2017 година

| | Вкупно подлежни | Средни училишта | | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прегледани | | I клас | IV клас | Прегледани | | |
| | | Број | % | | | Подлежни | Број | % |
| Р.МАКЕДОНИЈА | 24184 | 22729 | 94,0 | 10468 | 12261 | 16303 | 16303 | 100 |
| Берово | 174 | 174 | 100,0 | 75 | 99 | | | |
| Битола | 1706 | 1706 | 100,0 | 676 | 1030 | 618 | 618 | 100,0 |
| Мак.Брод | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Валандово | 93 | 93 | 100,0 | 44 | 49 | | | |
| Велес | 1018 | 1018 | 100,0 | 445 | 573 | | | |
| Виница | 174 | 171 | 98,3 | 93 | 78 | | | |
| Гевгелија | 289 | 289 | 0,0 | 103 | 186 | | | |
| Гостивар | 1648 | 1441 | 87,4 | 659 | 782 | | | |
| Дебар | 309 | 309 | 100,0 | 169 | 140 | | | |
| Делчево | 68 | 68 | 0,0 | 27 | 41 | | | |
| Д.Хисар | 76 | 76 | 100,0 | 19 | 57 | | | |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кичево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 28 | 28 | 100,0 |
| Кочани | 459 | 450 | 98,0 | 211 | 239 | | | |
| Кратово | 110 | 101 | 91,8 | 38 | 63 | | | |
| Кр.Паланка | 277 | 261 | 94,2 | 113 | 148 | | | |
| Крушево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Куманово | 2073 | 1888 | 91,1 | 1108 | 780 | | | |
| Неготино | 278 | 265 | 95,3 | 115 | 150 | | | |
| Охрид | 786 | 749 | 95,3 | 394 | 355 | | | |
| Прилеп | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Пробиштип | 130 | 119 | 0,0 | 46 | 73 | | | |
| Радовиш | 257 | 257 | 100,0 | 94 | 163 | | | |
| Ресен | 193 | 193 | 0,0 | 86 | 107 | | | |
| Св.Николе | 209 | 209 | 0,0 | 101 | 108 | | | |
| Скопје | 6509 | 6160 | 94,6 | 2815 | 3345 | 15657 | 15657 | 100,0 |
| Струга | 1252 | 1252 | 100,0 | 569 | 683 | | | |
| Струмица | 1340 | 1282 | 95,7 | 500 | 782 | | | |
| Тетово | 3767 | 3302 | 0,0 | 1528 | 1774 | | | |
| Штип | 989 | 896 | 90,6 | 440 | 456 | | | |

***Табела 4*** Содржина на извршени систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија во 2017 година

| Утврдена состојба | | | Основни | | Средни | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Вкупно прегледани | | | 31331 | 29370 | 11603 | 11126 | 7101 | 9202 |
| Чистота на телото | добра | | 30657 | 28713 | 11250 | 10753 | 297 | 349 |
| | лоша | | 674 | 657 | 353 | 373 | 6804 | 8853 |
| Вошливост | | | 75 | 186 | 8 | 18 | 0 | 0 |
| Држење на телото | добра | | 25786 | 24027 | 9241 | 9123 | 6384 | 8170 |
| | лоша | | 5545 | 5343 | 2362 | 2003 | 717 | 1032 |
| Развиеност на телото | добра | | 26692 | 24980 | 9236 | 8911 | 4164 | 5759 |
| | средна | | 3391 | 3250 | 1725 | 1529 | 2139 | 2934 |
| | лоша | | 1248 | 1140 | 642 | 686 | 798 | 509 |
| Хранетост на телото | добра | | 23036 | 21759 | 7419 | 7175 | 282 | 333 |
| | средна | | 3348 | 3245 | 2039 | 1676 | 1074 | 1681 |
| | лоша | | 4947 | 4366 | 2145 | 2275 | 5745 | 7188 |
| Деформации на рбетниот столб | кифоза | неозначена | 973 | 697 | 446 | 287 | 853 | 1027 |
| | | изразена | 143 | 155 | 168 | 149 | 0 | 0 |
| | сколиоза | неозначена | 1698 | 1902 | 706 | 732 | 28 | 35 |
| | | изразена | 118 | 148 | 125 | 162 | 1 | 9 |
| | лордоза | неозначена | 85 | 132 | 39 | 72 | 0 | 0 |
| | | изразена | 367 | 289 | 196 | 95 | 0 | 0 |
| Дефор.на град.кош | | | 2519 | 1787 | 1072 | 663 | 12 | 7 |
| Дефор.на стопалото | | | 5314 | 4495 | 870 | 836 | 58 | 103 |
| Дефор.на др.делови на коструот | еднострано | | 55 | 59 | 38 | 10 | 0 | 0 |
| | двострано | | 42 | 28 | 13 | 14 | 0 | 0 |
| Пречки на видот и мотилитет | страбизам | | 1015 | 1204 | 596 | 800 | 5 | 26 |
| | нистагмус | | 739 | 847 | 501 | 665 | 0 | 0 |
| | слеп.за бои | | 769 | 833 | 141 | 163 | 1 | 0 |
| Оштетување на слухот | еднострано | | 52 | 60 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | двострано | | 339 | 314 | 18 | 14 | 0 | 0 |
| Кариес | I степен | | 3919 | 3503 | 1114 | 1030 | 798 | 433 |
| | II степен | | 1572 | 1383 | 491 | 383 | 44 | 28 |
| Парадентопатија | | | 191 | 196 | 33 | 34 | 0 | 0 |
| Ортодонски аномалии | | | 1714 | 1702 | 551 | 571 | 30 | 30 |
| Срцеви мани | конгенит. | | 168 | 145 | 16 | 14 | 0 | 0 |
| | стечени | | 162 | 131 | 14 | 23 | 0 | 0 |
| Психич.развиеност | | | 243 | 141 | 12 | 20 | 0 | 0 |
| Говорни мани | | | 788 | 401 | 34 | 28 | 0 | 0 |
| Хемоглобин | под 10 гр% | | 665 | 669 | 75 | 177 | 0 | 0 |
| | 10 - 13 гр% | | 7694 | 7543 | 3785 | 4353 | 249 | 437 |
| | над 13 гр% | | 11435 | 10748 | 3941 | 2459 | 6852 | 8765 |
| Албумин во уреата | позитивен | | 320 | 348 | 24 | 31 | 4 | 16 |
| | негативен | | 13943 | 13609 | 4883 | 4335 | 7097 | 9186 |
| Измет на цревни паразити | позитивен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | негативен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Алергиски заболувања | да | | 21 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | не | | 503 | 463 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Сите останати хрон.патолошки состојби | | | 601 | 351 | 131 | 114 | 0 | 0 |

***Табела 5*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Македонија во 2017 година

| Утврдена состојба | Основни училишта | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I одд. | | III одд. | | V одд. | | VII одд. | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Вкупно прегледани | 60701 | 100 | 17084 | 100 | 15188 | 100 | 13773 | 100 | 14656 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 1331 | 2,2 | 545 | 3,2 | 562 | 3,7 | 98 | 0,7 | 126 | 0,9 |
| Вошливост | 261 | 0,4 | 73 | 0,4 | 51 | 0,3 | 73 | 0,5 | 64 | 0,4 |
| Држење на телото - лоша | 10888 | 17,9 | 2002 | 11,7 | 2614 | 17,2 | 2738 | 19,9 | 3534 | 24,1 |
| Развиеност на телото - лоша | 2388 | 3,9 | 578 | 3,4 | 585 | 3,9 | 513 | 3,7 | 712 | 4,9 |
| Хранетост на телото - лоша | 9313 | 15,3 | 4020 | 23,5 | 1589 | 10,5 | 1733 | 12,6 | 1971 | 13,4 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 11013 | 18,1 | 2546 | 14,9 | 2397 | 15,8 | 2641 | 19,2 | 3429 | 23,4 |
| Дефор.на стопалото | 9809 | 16,2 | 2022 | 11,8 | 2764 | 18,2 | 2534 | 18,4 | 2489 | 17,0 |
| Дефор.на други делови | 184 | 0,3 | 35 | 0,2 | 58 | 0,4 | 38 | 0,3 | 53 | 0,4 |
| Пречки на видот и мотилитет | 5407 | 8,9 | 1119 | 6,5 | 1276 | 8,4 | 1347 | 9,8 | 1665 | 11,4 |
| Оштетување на слухот | 765 | 1,3 | 75 | 0,4 | 87 | 0,6 | 243 | 1,8 | 360 | 2,5 |
| Кариес | 10377 | 17,1 | 3150 | 18,4 | 2547 | 16,8 | 2257 | 16,4 | 2423 | 16,5 |
| Парадентопатија | 387 | 0,6 | 27 | 0,2 | 85 | 0,6 | 126 | 0,9 | 149 | 1,0 |
| Ортодонски аномалии | 3416 | 5,6 | 415 | 2,4 | 743 | 4,9 | 1112 | 8,1 | 1146 | 7,8 |
| Срцеви Конгенитални | 313 | 0,5 | 91 | 0,5 | 77 | 0,5 | 71 | 0,5 | 74 | 0,5 |
| мани Стечени | 294 | 0,5 | 50 | 0,3 | 71 | 0,5 | 77 | 0,6 | 96 | 0,7 |
| Психичка развиен.недоболна | 384 | 0,6 | 137 | 0,8 | 116 | 0,8 | 73 | 0,5 | 58 | 0,4 |
| Говорни мани | 1189 | 2,0 | 606 | 3,5 | 312 | 2,1 | 156 | 1,1 | 115 | 0,8 |
| Хемо- Под 10гр% | 1334 | 2,2 | 316 | 1,8 | 242 | 1,6 | 187 | 1,4 | 589 | 4,0 |
| глобин Вк.прегледани | 38754 | 63,8 | 11276 | 66,0 | 8896 | 58,6 | 9120 | 66,2 | 9462 | 64,6 |
| Албумен Позитивен | 668 | 1,1 | 108 | 0,6 | 136 | 0,9 | 236 | 1,7 | 188 | 1,3 |
| во урина Вк.прегледани | 28130 | 46,3 | 8562 | 50,1 | 6662 | 43,9 | 6514 | 47,3 | 6392 | 43,6 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 37 | 0,1 | 3 | 0,0 | 14 | 0,1 | 10 | 0,1 | 10 | 0,1 |
| заболувања Вк.прегледани | 1103 | 1,8 | 157 | 0,9 | 241 | 1,6 | 256 | 1,9 | 449 | 3,1 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 952 | 1,6 | 378 | 2,2 | 181 | 1,2 | 192 | 1,4 | 201 | 1,4 |

***Табела 6*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Македонија во 2017 година

| Утврдена состојба | Средни училишта | | | | | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I клас | | IV клас | | Број | % |
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Вкупно прегледани | 22729 | 100 | 10468 | 100 | 12261 | 100 | 16303 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 726 | 3,2 | 134 | 1,3 | 592 | 4,8 | 15657 | 96,0 |
| Вошливост | 26 | 0,1 | 13 | 0,1 | 13 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 4365 | 19,2 | 2130 | 20,3 | 2235 | 18,2 | 1749 | 10,7 |
| Развиеност на телото - лоша | 1328 | 5,8 | 520 | 5,0 | 808 | 6,6 | 1307 | 8,0 |
| Хранетост на телото - лоша | 4420 | 19,4 | 1571 | 15,0 | 2849 | 23,2 | 12933 | 79,3 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 4912 | 21,6 | 2363 | 22,6 | 2549 | 20,8 | 1972 | 12,1 |
| Дефор.на стопалото | 1706 | 7,5 | 599 | 5,7 | 1107 | 9,0 | 161 | 1,0 |
| Дефор.на други делови | 75 | 0,3 | 41 | 0,4 | 34 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 2866 | 12,6 | 1377 | 13,2 | 1489 | 12,1 | 32 | 0,2 |
| Оштетување на слухот | 33 | 0,1 | 21 | 0,2 | 12 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Кариес | 3018 | 13,3 | 1305 | 12,5 | 1713 | 14,0 | 1303 | 8,0 |
| Парадентопатија | 67 | 0,3 | 28 | 0,3 | 39 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 1122 | 4,9 | 575 | 5,5 | 547 | 4,5 | 60 | 0,4 |
| Срцеви Конгенитални | 30 | 0,1 | 14 | 0,1 | 16 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| мани Стечени | 37 | 0,2 | 16 | 0,2 | 21 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 32 | 0,1 | 21 | 0,2 | 11 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Говорни мани | 62 | 0,3 | 39 | 0,4 | 23 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Хемо- Под 10гр% | 252 | 1,1 | 116 | 1,1 | 136 | 1,1 | 0 | 0,0 |
| глобин Вк.прегледани | 14790 | 65,1 | 6585 | 62,9 | 8205 | 66,9 | 16303 | 100,0 |
| Албумен Позитивен | 55 | 0,2 | 25 | 0,2 | 30 | 0,2 | 20 | 0,1 |
| во урина Вк.прегледани | 9273 | 40,8 | 4136 | 39,5 | 5137 | 41,9 | 16303 | 100,0 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 245 | 1,1 | 153 | 1,5 | 92 | 0,8 | 0 | 0,0 |

